Врз основа на член 11 и член 52 став 3 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), државниот секретар во Министерството за образование и наука, донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 04-14404/8
12 DEC 2025 20 год./viti

## ОДЛУКА

**за невршење избор на административен службеник по Интерен оглас број 10/2025 за унапредување на административен службеник во Министерството за образование и наука**

1. По Интерниот оглас број 10/2025 за унапредување во Министерството за образование и наука, објавен на ден 27.11.2025 година на веб страната на Министерството за образование и наука и на веб страната на Агенцијата за администрација, за работното место Советник за утврдување на методологија за распределба на дотации во средното образование и организација во средното образование,Одделение за финансирање на средно образование и кариерен развој, во Сектор за средно образование,образование на возрасни и доживотно учење – 1 извршител, НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На веб страната на Министерството за образование и наука и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Министерството за образование и наука, за работно место Советник за утврдување на методологија за распределба на дотации во средното образование и организација во средното образование,Одделение за финансирање на средно образование и кариерен развој, во Сектор за средно образование,образование на возрасни и доживотно учење– 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Министерството за образование и наука, формирана со Решение бр.04-14404/5 од 05.12.2025 година, по спроведената административна селекција за горенаведеното работно место, утврди дека има аплицирано само еден кандидат и истиот е неуреден од причина што нема доволно работно искуство во струката, утврдено во Записникот од административна селекција за интерен оглас бр.04-14404/7 од 11.12.2025 година и согласно со тоа не го исполнува условот за доволно работно искуство во струката , предвиден со Интерниот оглас број

10/2025 и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за образование и наука.

Поради наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

<u>ПРАВНА ПОУКА:</u> Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Елена Ивановска**

Изготвил: Билјана Узунов
Одобрил: Анчева Александра
Согласен: Славица Мирчевска Атовска
Доставено до:
- именуваниот/та;
-Сектор за управување со човечки ресурси
- архива